Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година**

1. Се објавува одлуката за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/13**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 35 став 5 од Законот за основно образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12 и 100/12 ) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, расправајќи по предложената Програма за работа на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Програмата за работа**
**на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје,**
**за учебната 2012/2013 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за работа на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година, предложена од училишниот одбор на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, со одлука бр.02-151 од 23.08.2012 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ОУ ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување Програмата за работа на ОУ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година, и Програмата за работа на ОУ''Његош'' - Општина Гази Баба - Скопје, за учебната 2012/2013 година, во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2824/15**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на планот за изменување**
**на планот за програми за развој на Општина Гази Баба**
**- за изградба на нова училишна зграда на ОУ ''Григор Прличев''**

1. Се објавува планот за изменување на планот за програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на нова училишна зграда на ОУ ''Григор Прличев'', што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/14**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите (''Службен весник на РМ'' бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09 и 95/10) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, донесе

**П Л А Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ**
**ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**- за изградба на нова училишна зграда на ОУ ''Григор Прличев'' -**

**Член 1**

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба, бр.07-1042/13 од 27.04.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/12) табеларниот преглед од член 2 се заменува со нов и гласи:

**Член 2**

**Образец В 1**

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **ОБРАЗОВАНИЕ** | **Ознака на буџетска програма** | **Н** |
| **Развојна потпрограма** | **Изградба на нова училишна зграда на ОУ Григор Прличев** | **Ознака на развојна потпрограма** | **НА** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел. и факс** | **003892 322 66 55/ 3215 112** |
| **Функција:** | **Раководител на Сектор за локален економски развој** | **E-mail** | contact@gazibaba.gov.mk |
| **Адреса:** | **бул. „Александар Македонски" бб - општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се изгради нова училишна зграда на ОУ Григор Прличев за 400 ученици до крајот на 2013 година; Да се обезбедат квалитетни и современи услови за едукација на учениците во ОУ Григор Прличев; Да се обезбедат највисоките стандарди за енергетска ефикасност на училишната згра Да се обезбедат квалитетни просторни услови за поголема општествена активност на учениците и заедницата. |
| **Планирани активности** | 1 - Изработка на архитектонски и технички (основен) проект; 2 - Ревизија на проектот; 3 - Добивање на одобрение за градба; 4 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 5 - Изградба на новата училишна зграда на ОУ Григор Прличев во период од 2012 до 2013; 6 - Вршење надзор при изградбата; |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на новата училишна зграда на ОУ Григор Прличев до крајот на 2013 год; 2 - Создавање на квалитетни и современи услови за примарна едукација на учениците; 3 - Значително намалување на трошоците за одржување и потрошена електрична и топлинска енергија; 4 - Зголемување и унапредување на оптштествените наставни и воннаставни активности на учениците и заедницата. |
| **Ризик и претпоставки** | неуспешна јавна набавка; локални временски услови и терен за работа; пробивање на финансиската конструкција. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 2012 година |
| **Датум на завршување на проектот** | 2013 година |
| **Вкупна вредност** | **90.583.675,00** денари |
| **Име на студија** | **Изградба на нова училишна зграда на ОУ Григор Прличев** |
| **Ниво на студија*** | ГП |
| **Автор/Фирма, Седиште** | **Идеа плус** |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | 2012 година |

| | | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | | **90.583.675,00** | | |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија) ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

**ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2010 | Предвидени расходи 2011 | Динамика за финансирање 2012 | 2013 | 2014 | По 2015 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | С | | | | | | | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ **** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Светска Банка**** | С | **90.583.675** | | | | 90.583.675 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Други извори на финансирање ***** | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **90.583.675** | | | **0** | **90.583.675** | **0** | |

**** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).***

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој пооделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

******Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

**Член 3**

Овој План за изменување на Планот на програмите за развој на Општина Гази Баба, влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', и станува составен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година.

**Број 07 - 2824/16**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за висината**
**на паричниот износ на наградата ''Големата Мајка''**

1. Се објавува одлуката за висината на паричниот износ на наградата ''Големата Мајка'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/15**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 2 и член 5 од Одлуката за награда и признание на Општина Гази Баба, бр.07-2025/9 од 13.07.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/12) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за висината на паричниот износ на наградата ''Големата Мајка''**

**Член 1**

(1) Висината на паричниот износ на наградата ''Големата Мајка'' се определува на 6.000 денари.

(2) Паричниот износ на наградата ''Големата Мајка'' се доделува само на физички лица.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2824/17**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/16**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) , член 34 став 4 и став 5 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 103/08, и 95/10 и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба , Советот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА Скопје на 49-тата седница одржана на 28.09. 2012 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

### За проширување на средствата во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА за 2012 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА Скопје за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 741117 Наменска дотација на општината за активности од образованието | 0 | 0 | 112.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **112.000** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 420210 Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 16.000 | 0 | 0 |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 37.000 | 0 | 0 |
| 420230 Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 16.500 | 0 | 0 |
| 420240 Патување во странство - споредни расходи | 0 | 0 | 11.500 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 0 | 31.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **112.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Претседател на Советот на Општината**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
**Милан Андоновски** с.р.

**Бр.07-2824/18**
**од 28.09.2012**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/17**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02 година) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр. 04/06 ), Советот на Општина Гази Баба на49-та седница одржана на 28.09 .2012 година , донесе

## О Д Л У К А
**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина за 2012 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 690.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура | -180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | -220.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | -140.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 486110 | Купување на моторни возила | -700.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J70** | **ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 423990 | Други материјали | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JN0** | **УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | | | |
| 480190 | Купување на друга опрема | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
**Милан Андоновски с.р.**

**Бр.07-2824/19**
**од 28.09.2012**

1

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за изменување и дополнување на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство**

1. Се објавува одлуката за изменување и дополнување на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/18**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр. 5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на**
**одлуката за започнување на постапка за доделување**
**на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство**

**Член 1**

Во одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, бр.07-2508/4 од 31.08.2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/12), во членот 2 став 1, зборовите ''на два нивоа'' се бришат, се става запирка и се додаваат зборовите ''на КП 1222/1, КП 1222/2, КП 1222/3, КП 1222/4 и КП 1222/5, Имотен лист 9168, КО Гази Баба, КП 1223, Имотен лист 44673, КО Гази Баба и КП 1215/3, Имотен лист 44166, КО Гази Баба, со вкупна површина од 7.263 м2''.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2824/20**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба, од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за ГП 1.2**

1. Се објавува одлуката за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба, од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за ГП 1.2, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/19**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' број 5/02), член 59 став 12 од Законот за градење (''Службен весник на РМ'' бр.59/11 - пречистен текст) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 4/06), Советот на Општина Гази Баба постапувајќи по барање УП1 бр.28 -279 од 20.09.2012 година, поднесено од Општина Гази Баба, на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ослободување на инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за ГП бр.1.2**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба го ослободува инвеститорот - Општина Гази Баба од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште за ГП бр.1.2 на која е предвидено изградба на детска градинка, согласно Извод од план бр.1021/2012 бр.28-3/1685-2 од 06.09.2012 година издаден од Општина Гази Баба, согласно одобрен урбанистички проект со тех.бр.02-03/12 од март 2012.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука претставуваат 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, наменет за Општина Гази Баба, согласно пресметката за плаќање на надоместок, која е во надлежност на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам, комунални работи и сообраќај на Општина Гази Баба, заради продолжување на постапката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 2824/21**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на програмата за изменување и дополнување на програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува програмата за изменување и дополнување на програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 28.09.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 3010/20**
**од 02.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и деветтата седница одржана на ден 28.09.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изменување и дополнување на програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година

1. Во програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година, бр.07-4740/5 од 22.12.2011 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/11), во точка 2 - ''Опис на Програмата'', подточка 2.4 - ''План за спроведување'', раздел 2.4.4 - Финансиска конструкција за реализација на програмата'' се додава подраздел 2.4.4.1 кој гласи:

"2.4.4.1 Финансиска конструкција за спроведување на оперативниот план на Владата на Република Македонија преку АВРМ, за активни програми и мерки за вработување за 2012 година"

| Р.б. | ОПИС | Број на ангажирани работници | Поединечен бруто износ | Вкупен месечен износ | Вкупен износ за 6 (шест) месеци |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Времено ангажирани лица кои ги финансира АВРМ | 37 | 7.600,00 | 281.200,00 | 1.687.200,00 |
| 2. | Доплата за ангажираните лица од страна на ОГБ | 37 | 3.012,00 | 111.444,00 | 668.664,00 |
| 3. | Дополнително времено ангажирани лица, кои ги финансира ОГБ | 6 | 10.612,00 | 63.672,00 | 382.032,00 |
| **4.** | **ВКУПНО** | | | **456.316,00** | **2.737.896,00** |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе важи за период од 14.08.2012 - 28.02.2013 година.

**Број 07 - 2824/22**
**од 28.09.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р.**

## СОДРЖИНА

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' – Општина Гази Баба – Скопје, за период 2011/2012 година . . . . . 4

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈУДГ ''25 МАЈ'' – Општина Гази Баба – Скопје, за период 2011/2012 година . . . . . 6

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Стив Наумов'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 8

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Григор Прличев'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 10

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''25 Мај'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 12

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Вера Јоциќ'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 14

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Дане Крапчев'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 16

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Кирил и Методиј'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 18

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Крсте Мисирков'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 20

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Крум Тошев'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 22

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Наум Наумовски – Борче'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 24

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Наум Охридски'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 26

**ОДЛУКА** за донесување на Програмата за работа на ОУ ''Његош'' – Општина Гази Баба – Скопје, за учебната 2012/2013 година . . . . . 28

**ПЛАН** ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА – за изградба на нова училишна зграда на ОУ ''Григор Прличев'' – . . . . . 30

**ОДЛУКА** за висината на паричниот износ на наградата ''Големата Мајка'' . . . . . 36

**ОДЛУКА** за проширување на средствата во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА за 2012 година . . . . . 38

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА за 2012 година . . . . . 40

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство . . . . . 42

**ОДЛУКА** за ослободување на инвеститорот – Општина Гази Баба од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за ГП бр.1.2 . . . . . 44

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2012 година . . . . . 46

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 9/12**
**49 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци